Бр./Nr 12-2346/2
14-11-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2346/1 од 03.09.2024 година, против лицето ------, ВД директор на Здравствен дом ------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со бр. 12-2346/1 од 03.09.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 03.09.2024 година, поднесена е пријава против лицето ------, ВД директор на Здравствен дом ------ и оформен е предмет бр. 12-2346/1 од 03.09.2024 година година.
Во пријавата подносителот наведува дека ВД директорот на Здравствен дом ------ по професија бил дипломиран економист, а бил и обвинет за фалсификување на диплома во 2019 година, заради што против него била поднесена кривична пријава за "фалсификување на исправа" од Министерството за внатрешни работи.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со горенаведената диплома посочениот директор се вработил како професор по математика во училиште во ------. Дополнително, се укажува дека со неговото назначување за ВД директор на Здравствен дом ------бил прекршен и Законот за здравствена заштита, кој го предвидувал видот на образование и работното искуство што лицето треба да го исполнува за да биде именувано на функција ВД Директор на здравствена установа, заради што истиот не ги исполнувал законските услови за ВД Директор бидејќи претходно бил вработен во приватен сектор односно не бил вработен во институцијата.

*Според член 104 став 2 точки 3 и 4 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023, 263/2023, 30/2024, 74/2024 и 170/2024) за директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации; има минимум пет години работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување.*

*Според член 110 став 11 од истиот закон, за вршител на должноста директор се именува лице кое ги исполнува условите од членот 104 став (2) од овој закон, освен условите од точките 5) и 6).*

ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. Ова од причина што согласно член 104 став 2 точки 3 и 4 и член 110 став 11 од

Законот за здравствена заштита, ВД Директор може да биде и лице кое не е од редот на вработените на здравствената установа. Дополнително, наводите кои се однесуваат за условот – вид на образование, потребно за именување на ВД директор на јавната здравствена установа, законот овозможува лице кое има завршено високо образование од областа на економските науки, какво што има пријавеното лице во конкретниот случај, да биде именуван за ВД директор.
Во однос на наводите во пријавата кои се однесуваат на тоа дека пријавеното лице поседува фалсификувана диплома, ДКСК констатира нема надлежност за постапување, односно дека тоа е надлежност на друг орган, Министерството за внатрешни работи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk